АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1221/22
27.12.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Правилникот за прием и престанок на членство во Црвениот крст на Република Македонија**

Член 1

Во Правилникот за прием и престанок на членство во Црвениот крст на Република Македонија (бр. 0202-1287/4 од 25.12.2017 година и 0202-210/12 од 07.03.2018 година) во насловот, преамбулата и во сите одредби се заменуваат зборовите „Црвен крст на Република Македонија" со зборовите „Црвен крст на Република Северна Македонија" и „Црвен крст на РМ" со зборовите „Црвен крст на РСМ".

Член 2

Во член 4 став 2 од Правилникот се менува и гласи:

*„Членарината се плаќа еднаш годишно, до 31 декември за тековната календарска година, со каса прими, на пос терминал или на трансакциската сметка на општинската организација на Црвен крст."*

Член 3

Член 19 од Правилникот се менува и гласи:

*„Членувањето во Црвениот крст престанува поради неплаќање на 2 (две) последователни годишни членарини.*

*Во случај членот пред истекот на втората година ја плати членарината и со тоа остане член на црвениот крст, истиот има обврска да ја подмири и претходно неплатената членарина.*

*Членовите кои се дел од раководните структури, имаат обврска за редовно плаќање на годишна членарината, во спротивно неговото членување во раководните структури престанува и за истото се покренува постапка за негово разрешување. "*

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

**Претседател,**

**Проф.д-р Ромел Велев**

Доставено:
- ООЦК/ЦКГС
- Сектори/одделенија
- Служба за финансии и ревизија;
- Архива;